Архивски знак: 0202
Рок на чување: 1 год.
04.07.2018 година
ЦРВЕН КРСТ
на Република Македонија
Бр. 0202-651114
04.07 2013 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 31 од Статутот на Црвен крст на Република Македонија, а во согласност со одредби од Законот за Црвен крст на Република Македобија (Сл.Весник на РМ бр.41/94) и Законот за безбедност и здравје при работа („Сл. весник на РМ“ бр.53 од 11.04.2013 пречистен текст), Раководниот одбор на Црвен крст на РМ на седницата одржана на 04.07.2018 година донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА КУРСНА НАСТАВА ЗА ПРВА ПОМОШ ВО ПРАВНИ ЛИЦА

## I. ОПШТА ОДРЕДБА

**Член 1**

Со овој правилник се пропишуваат поблиските услови што треба да ги исполнуваат општинските организации на Црвен крст (во понатамошниот текст: ООЦК) и Црвен крст на град Скопје (во понатамошниот текст: ЦКГС )каде што се оспособуваат кандидатите за укажување прва помош во правни лица, начин на организирање на наставата, проверка на знаењата на кандидатите, обврските на општинската организација, обврски на правните лица, како и правата и обврските на Црвен крст на Република Македонија.

## II. УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ОПШТИНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ЦРВЕН КРСТ НА ГРАД СКОПЈЕ

**Член 2**

Оспособувањето на кандидатите за прва помош ќе се врши во ООЦК и ЦКГС доколку ги исполнуваат условите во однос на просторот, опремата и кадарот како и поседување на одобрение издадено од Црвен крст на Република Македонија.

**Член 3**

**ООЦК И ЦКГС треба да ги исполнуваат следните услови:**

- Просторија од најмалку 20м2 опремена со соодветен уред (камера) кој овозможува видео и аудио запис со можност за архивирање и документирање на снимените податоци кои се чуваат 90 дена од денот на спроведување на наставната програма за укажување на прва помош,
- Најмалку 2 (две) фантом кукли
- тренинг автоматски надворешен дефибрилатор,
- Техничка опременост
- Други нагледни средства,
- Завоен материјал, и приручни средства за имобилизација,
- Минимум 2 (два) здравствени работника оспособени за изведување на настава по прва помош во правни лица кои поседуваат сертификат за предавач за курсна настава за прва помош во правни лица, издаден од Црвен крст на Република Македонија.

## III. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА КУРСНА НАСТАВА ПО ПРВА ПОМОШ

**Член 4**

Оспособувањето на кандидати за укажување на прва помош во правни лица ќе се спроведува преку организирање на курсна настава и проверка на знаење по пат на тестирање.

Тестирањето е со времетраење од 15 минути и опфаќа тест од 15 (петнаесет) прашања со можност за избор на еден од понудени три одговори.

За успешно положен тест се смета ако е точно одговорено на најмалку 10 (десет) прашања.

**Член 5**

Наставата се изведува според наставна програма и тоа:

- Основен курс,
- Напреден курс бр.1, и
- Напреден курс бр.2.

Наставата ја изведува обучен здравствен работник кој поседува Сертификат за предавач за курсна настава за прва помош во правни лица, издаден од Црвен крст на Република Македонија.

## IV. ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊАТА НА КАНДИДАТИТЕ ЗА ПРВА ПОМОШ ВО ПРАВНИ ЛИЦА

**Член 6**

Во текот на спроведување на наставата се врши континуирано следење на кандидатите за секој дел од наставната програма.

**Член 7**

Претставник од стручната служба ја има улогата на администратор за вршење на организациони и административно-технички работи.

**Член 8**

По спроведениот тест се прави записник за успехот на секој кандидат и истиот го потпишува предавачот.

**Кандидатот кој успешно го завршил тестот веднаш се известува и му се издава уверение (потврда) за оспособеност за укажување прва помош во правни лица**.

**Предавачот за секој кандидат посебно на листа изготвена за таа намена забележува *Е оспособен* или *Не е оспособен*.**

## V. ОБВРСКИ НА ОПШТИНСКАТА ОРГАНИЗАЦИЈА И ЦРВЕН КРСТ НА ГРАД СКОПЈЕ

**Член 9**

Општинската организација на Црвениот крст е должна да:

- Да одржи курсна настава за прва помош, на барање на правното лице при пријавување до 15 кандидати.
- Наставата може да се одржи во простории на ООЦК/ЦКГС или во правното лице (на негово барање и доколку има услови за изведување на истата)

**Член 10**

Општинската организација е должна со предавачот да склучи Договор за регулирање на меѓусебни права и обврски.

При пријавување за курсна настава , општинската организација е должна на кандидатите да им даде Прирачник за прва помош за правни лица по цена утврдена со посебна одлука на Раководниот одбор на Црвен крст на РМ.

Уверението за оспособеност го потпишуваат предавачот и секретарот на ООЦК/ЦКГС.

За издадените уверенија ООЦК/ЦКГС води посебна евиденција.

Доставува тримесечни извештаи за реализираните курсни настави во текот на годината.

## VI. ОБВРСКИ НА ПРАВНО ЛИЦЕ

Член 11

Правното лице поднесува писмено барање до ООЦК за одржување на курсна настава за прва помош со приложен список на вработените (податоци и број на кандидати).

Присуството на наставата за пријавените кандидати е задолжителна.
Правното лице е должно да обезбеди соодветни услови на барање на предавачот, доколку наставата се изведува во нивните простории.

## VII. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РМ

**Член 12**

Црвениот крст на РМ за потребите на наставата ги издава потребните документи како што се: уверенија, деловодници за евиденција, прирачник за прва помош за предавачи и демонстратори и организира консултативни средби, тематските едукации, освежителни курсеви.

**Член 13**

Висината на надоместоците за реализација на наставата од страна на предавачите се на товар на Црвен крст на РМ, Црвен крст на град Скопје и Општинска организација на Црвен крст.

**Член 14**

Надзорот над спроведувањето на одредбите од овој правилник го врши Комисија од три члена, формирана со решение на Генералниот секретар на Црвен крст на РМ.

За извршениот надзор се изготвува записник кој се доставува до Генералниот секретар на Црвен крст на РМ.

Комисијата при спроведување на надзорот има право да врши увид во целокупната документација и да има пристап до аудио и видео записите од спроведување на спроведување на курсната настава по прва помош.
За извршениот надзор се изготвува записник кој се доставува до Раководниот одбор на Црвениот крст на РМ.

**Член 15**

По записниците од надзорот расправа Раководниот одбор на Црвен крст на Република Македонија и за утврдените прекршувања на одредбите од овој правилник превзема мерки во согласност со Правилникот за утврдување на одговорност на општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје.

**Член 16**

За прекршување на одредбите од овој Правилник Раководниот одбор на Црвен крст на РМ презема мерки во согласност со одредбите од Правилникот за утврдување на одговорност на Општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје.

Црвен крст на РМ ќе склучи Договор за регулирање на меѓусебните права и обврски со ООЦК/ЦКГС, по добиеното одобрение од Црвен крст на РМ за вршење на курсна настава по прва помош во правни лица.

## XI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 17**

Овој правилник влегува во сила од денот на неговото донесување.

Со донесување на овој Правилник престанува да важи Правилникот за реализација на курсна настава за прва помош во работни организации (бр.02-430/1 од 06.05.2008 година).

Претседател,

Проф.Д-р Ромел Велев